# Извештај за реализирани екскузии

## ООУ „Свети Кирил и Методиј“ - Центар, Скопје

учебната 2023/24 година

Врз основа на годишната програма за работа на улиштето ООУ „Св. Кирил и Методиј - Центар за учебната 2023/24 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви.

Програма за реализација на екскурзии за учениците од I - IX одд. за учебната 2023/24.

Од предвидените екскурзии во програмата се реализираше следното :

1. **ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ВО САРАЈ**
2. **ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ВО ГРАДСКИ ПАРК**
3. **ЧЕТИРИДНЕВНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА**
4. **ТРИДНЕВНА  НАСТАВА ВО ПРИРОДА**

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ВО САРАЈ

**Регион:** Скопски регион
**Локација:** Спортски центар - Сарај
**Време на реализизација:** 16.04.2024
**Времетраење на излетот:** Еден работен ден
**Учесници во реализација на излетот:**
- Учениците од II до IX одделение (300 ученика)
- Наставници и сите одделенски раководители
- Обезбедување

**Начин на финансирање:** Излетот го финансираат родителите на учениците

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

Целта на овој еднодневен пролетен излет е од забавно рекреативен карактер во природа. За развивање интерес за природата и градење на еколошки навики кај учениците.

- Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- Да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на излетничко место Сарај
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи;
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културни вредности
- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- Дружење и споделување добри спомени;
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**СОДРЖИНИ НА АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на околината на излетничкото место Сарај;
- групни прошетки низ излетничкото место (ученици во придружба на наставници)
- рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците, со активно учество на наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските раководители.
- одмор и релаксација колективни игри, фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже
- Социјализација како важен фактор овозможи развивање спортски потреби, како и значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

Одговорен наставник: Драган Станојковски

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ВО ГРАДСКИ ПАРК

**Регион:** Скопски регион
**Локација:** Градски парк
**Време на реализизација:** 10.10.2024
**Времетраење на излетот:** Еден работен ден
**Учесници во реализација на излетот:**

- Учениците од II до IX одделение (284 ученика)
- Наставници и сите одделенски раководители
- Обезбедување

**Начин на финансирање:** Излетот го финансираат родителите на учениците

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

Целта на овој еднодневен есенски излет е од забавно рекреативен карактер во природа. За развивање интерес за природата и градење на еколошки навики кај учениците

- Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- Да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на излетничко место Градски парк Скопје
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи;
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културни вредности
- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- Дружење и споделување добри спомени;
- Да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**СОДРЖИНИ НА АКТИВНОСТИ:**

- Набљудување на околината на Градскиот парк;
- групни прошетки низ паркот (ученици во придружба на наставници)
- рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците, со активно учество на наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските раководители.
- одмор и релаксација колективни игри, фудбал, одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и играње на јаже
- Социјализација како важен фактор овозможи развивање спортски потреби, како и значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

Одговорен наставник: Драган Станојковски

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧЕТИРИДНЕВНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Регион: Западна Македонија**
**Локација: Гостивар,**Охрид, Струга
**Време на реализизација:** 10.06-14.06.2024
**Времетраење на излетот:** 4 работни дена
**Учесници во реализација на излетот:**

- Учениците од V одделение
- Одговорни одделенски раководители
- Лекар

**Начин на финансирање:** Излетот го финансираат родителите на учениците
**Сместување:** хотел „ПРЕСТОЛ“ – Охрид.

**Содржини и опис на активности**:

**Прв ден**

- Поаѓање во 8 часот од училиште.
- Поаѓање за Тетово и посета на Шарената џамија, Вруток, пристигнување во Вруток,
- Посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“.
- Посета на Вевчани,
- Заминување за Охрид. Сместување во хотел,
- Вечера и ноќевање.

**Втор ден**

- Појадок.
- Разгледување на градот, посета на Лихнидос-стар Охрид, Плаошник, Самоиловата тврдина, Амфитератар и куќата на Робевци, прошетка низ чаршијата.
- Враќање во хотел. Ручек.
- Време за одмор и рекреација.
- Вечера и ноќевање.

**Трет ден**

- Појадок.
- Заминување за Наколната населба и посета на Св.Наум
- Враќање во хотел.Ручек.
- Слободно време за одмор и рекреација.
- Вечера.
- Ноќевање.

**Четврти ден**

- Појадок. Заминување за Струга- посета на природно научен музеј, мостот на поезијата, истекувањето на реката Дрим.
- Ручек.
- Поаѓање за Скопје.
- Пристигнување во Скопје во 18.00 часот

Во рамките на предвидената програма беа реализирани сите предвидени воспитно-образовни цели: развојот и самостојноста кај учениците, иницирање на љубопитност, примена на стекнатите знаења во конкретни ситуации на терен, учениците набљудуваа, собираа податоци, експериментираа, споредуваа, истражуваа и анализираа.

Учениците се запознаа со природното богатство и природните ресурси, настаните и појавите, а наставата во природа поткна позитивни чувства на успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување нови знаења, соработка, дружење преку активен дел од процесот на едукација,

другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, воспоставувајќи, развивајќи и негувајќи пријателство.

Наставата во природа помогна да се воспостави позитивен однос кон чување на природата, да се запознаат и откријат убавините на татковината, животинскиот и растителниот свет во околината, да се запознаат и прошират знаења за посетените културно-историски споменици, археолошки локалитети и верски објекти, развивајќи позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

Голем број ученици за првпат имаа искуство за самостојна грижа за себе, па научија да се грижат: за личната хигиена, за хигиената на просторот во кој живеат, за сопствените потреби, за личната и заедничката сопственост, за другарството и меѓусебното помагање, за сочуството и заедничката радост, за однесувањето во хотел, ресторан, продавница, музеј, црква, џамија, сообраќај.

Сите ученици демонстрираа чувство за одговорност и дисциплина при извршувањето на поставените задачи. Со еден збор сите беа САМОСТОЈНИ. И беа многу успешни во тоа!

Актив на V одделение-
1.Луиза Наневска
2.Ана Покупец
3.Мери Ќурчиева

4. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРИДНЕВНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА**

**Регион: Источна Македонија**
**Локација: Кратово, Пробиштип,Струмица, Дојран**
**Време на реализизација:** 10.06 до 12.06.2024
**Времетраење на излетот:** 3 работни дена
**Учесници во реализација на излетот:**

- Учениците од IX одделение
- Одговорни одделенски раководители (Марија Варадинска и Благица Мачева)
- Лекар
- Обезбедување

**Сместување**: хотел Полин , Стар Дојран
**Техничка организација**: Туристичка агенција Дема

**Воспитно – образовни цели и задачи:**

- Проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење
- Подобрување на социјализацијата
- Меѓусебно разбирање и толеранција

**Активности и содржини:**

**Прв ден:**
Тргнување во 8 часот од пред училиштето. Попатно панорамско разгледување на Куманово , посета на Кратово.Следи разгледување на градот и посета на Радин Мост, турскиот затвор и Музејот на град Кратово. Најимпресивна беше средновековната кратовска Саат Кула во која се задржавме подолго време бидејќи го проследивме предавањето за нејзината изградба и значение Попатна посета на Пробиштип каде учениците го разгледаа градот, паркот и Музејот на ретки минерали. Во попладневните часови пристигнавме во хотелот Полин кој се наоѓа во Стар Дојран покрај плажата. Учениците се сместија , а потоа имаа вечера во ресторанот

**Вторт ден**
По појадокот , заминавме да ги посетиме Колешинските водопади и селото Колешино кое се наоѓа под планината Беласица, непосредно до градот Струмица Разгледување на градот. Вечерта во Дојран по вечерата во хотелот учениците имаа организирана забава во блиското кафуле кое се наоѓа на брегот на Дојранското Езеро.

**Трет ден**
По појадокот посета на старата црква Свети Илија , а потоа со наставниците беа на прошетка покрај брегот на езерото По ручекот го напуштивме хотелот и се упативме кон Демир Капија каде ја посетивме винарската визба која ни остави силен впечаток. Потоа се упативме кон локалитетот Стоби.
Во Стоби се задржавме еден час и тука учениците се запознаа со древниот град Стоби кој отекнува од римско време..
Во Скопје се вративме во 18:00 и имавме попатни паузи.

Родителите беа известени за пристигнувањето на учениците и си ги земаа од пред училишниот двор.
Екскурзијата успешно ја реализиравме со посета на се она што беше предвидено да се посети.

**Цели на тридневната екскурзија**

1.Проширување на знаењата стекнати за време на деветгодишното образование
2.Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
3.запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата
4.Развивање  позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
5.Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење
6. Подоврување на социјализацијата
7. Меѓусебно разбирање и толеранција

Марија Варадинска
Благица Димчева